IBF International Consulting SA (IBF)- Белгија и Early Years Ltd- Обединетото Кралство и Europartner Consulting International ДООЕЛ (EPCI)- Република Северна Македонија го спроведуваат проектот „Дизајнирање, спроведување и организирање програми за обука за професионалци вклучени во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст “. За потребите на проектот се објавува јавен оглас.

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за ангажирање на локални експерти**

Локалните експерти ќе учествуваат на обука и ќе бидат одговорни за обезбедување стручна поддршка и експертиза за спроведување на проектот „Дизајнирање, спроведување и организирање програми за обука за професионалци вклучени во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст ". Тие ќе помогнат во подготовката на материјали за обука, во спроведувањето на обукитете, и делумно ќе ги водат истите заедно со Тим-лидерот и Експертот за обука во сите 8 региони на Северна Македонија.

Идеалниот кандидат/тка ќе има најмалку високо образование, по можност од областа на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст или слична област, како што се психологија, педагогија, дефектологија итн.; Магистерски студии или докторат во соодветна област ќе се смета за предност; најмалку 5 години искуство во образование, обука и поддршка на образовен кадар на теми како што се Инклузија, Средина за учење или слично; обука/настава за професионалци за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст ќе се смета како предност; професионално искуство поврзано со македонскиот образовен систем и/или особено од областа на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст; познавање на македонски и англиски јазик.

Локалните експерти ќе бидат ангажирани максимум 11 месеци, со просечен ангажман од приближно 8 дена месечно.

Деталниот опис на работното место е претставен во документот Услови за ангажман- ToR достапен на следниот линк: https://www.ssip.mk/oglasi/.
Сите елементи кои не се опишани во  овие Услови за ангажирање ќе бидат предмет на преговори.

Заинтересираните кандидати се покануваат да го достават своето CV, вклучувајќи и листа на релевантни семинари на кои учествувале и/или ги воделе и мотивационо писмо каде објаснуваат што носат во проектот и како ќе ги дисеминираат знаењата и вештините по завршувањето на проектот. Заинтересираните кандидатите треба да ги достават мотивационото писмо и CV на следните е-маил адреси:

onosimoski@ibf.be и danilo.danailov@epci-eu.com.

Крајниот рок за прием на апликации (CV и мотивационо писмо) е **12 јули 2023 година**. Сите информации во апликациите ќе се третираат како доверливи. Апликациите кои ќе пристигнат по истекот на рокот / или се испратени на друг начин или на други адреси нема да бидат земени во предвид.